Врз основа на член 22 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), а во врска со член 60 од Законот за животна средина (Сл.Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18), Советот на општина Босилово на седницата одржана на ден 30.06.2023 година ја донесе следната:

# О Д Л У К А

**За усвојување на Иницијатива за изготвување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на општина Босилово**

**Член 1**

Се усвојува Иницијативата за изготвување на Локален еколошки акционен план (ЛЕАП) на Општина Босилово.

**Член 2**

Општина Босилово отпочнува постапка за изработка на Лоаклен акционен план за заштита и ун апредување на животната средина на општината (ЛЕАП).

**Член 3**

Локалниот акционен план за животна средина ќе содржи среднорочни и долгорочни активности и мерки за заштита на животната средина и здравјето на луѓето од интерес и во надлежност на општината, а ќе биде изработен во согласност со Националниот акционен план за животна средина и Методологијата за изработка на локалните акциони планови за животна средина.

**Член 4**

По изработувањето на Локалниот еколошки акционен план истиот ќе се достави до Советот на општина Босилово за донесување.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Босилово“.

Бр.08-1332/1
30.06.2023 година
Б о с и л о в о

Претседател на Совет
на општина Босилово
Мито Андонов